Врз основа на член 63, од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Р.С.М.“ бр. 32/20, 111/23 и 171/24), член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес, („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/09 и 08/21), по предлог на Градоначалникот, Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 24.09.2024 година донесе:

# ОДЛУКА

## за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1, ГП 26 и ГП 25 во рамките на „Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Локалитет Е“, Општина Велес

### Член 1

Се утврдува Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1 , ГП 26 и ГП 25 во рамките на „Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Локалитет Е“ , Општина Велес, со вкупна површина од 1987,00 м2. односно 0,2 ха.

### Член 2

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Велес, со Решение бр.08-2232/1 од 05.05.2023 година, согласно член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Р.С.М.“ бр. 32/20, 111/23, 171/24), даде стручно мислење за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1, ГП 26 и ГП 25 во рамките на „Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Локалитет Е“, Општина Велес, изработен од Друштво за градежништво, промет, посредување и услуги ТИПИНГ ДООЕЛ Велес, со тех бр 0206-03/23 од Мај 2024 година, ревидиран од „БИЛД УРБАН“ ДООЕЛ СКОПЈЕ, со тех.бр. 0901-364/24/ од Јули 2024 год.

### Член 3

Оваа Одлука е составен дел на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1, ГП 26 и ГП 25 во рамките на „Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Локалитет Е“ , Општина Велес.

### Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-3694/6
25.09.2024 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Даниел Јаневски

Доставено до:
- Градоначалник;
- Одделение за урбанизам;
- Списи и архива.